Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-1
03.10.2023 година
Гевгелија

Претседателот на Основен суд Гевгелија Марица Аврамчева Зафирова, врз основа на чл.10 од Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила („Службен весник на РСМ“ број 214/21), на ден 03.10.2023 година донесе:

# ИНТЕРЕН АКТ

## ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВИЛА ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ,ОДРЖУВАЊЕ,ЧУВАЊЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА КОИ ГИ КОРИСТИ ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

### Член 1

Со овој Интерен акт се уредува начинот на користење на службените моторни возила од возниот парк на Основен суд Гевгелија, нивното одржување и надзор над нивното користење.

### Член 2

Користењето на службените возила треба да биде одобрено, оправдано, наменски и рационално и во сообразност со целите и делокругот на работата на Основен суд Гевгелија согласно неговата надлежност.

Службеното возило не смее да се користи за приватни потреби.

Службеното возило може да го управува корисникот и/или возачот кој има важечка возачка дозвола од соодветна категорија.

### Член 3

Секој корисник и/или возачот на службеното возило кој располага со уреден патен налог пред отпочнување на користење на возилото претходно треба да изврши внесување во месечниот патен налог податоци за часот на превземање на возилото, датумот и состојбата на поминати километри во моментот на преземање на возилото.

### Член 4

При користење на службеното возило, корисникот на возилото користи нафта и нафтени деривати од правниот субјект со кој е склучен договор за јавна набавка на стоки и чие користење корисникот на возилото обезбедува уредни и веродостојни сметководствени документи и со истите во еден примерок од патниот налог се раздолжува во сметководството при Основен суд Гевгелија.

По завршување на потребата од користење на службеното возило, корисникот и/или возачот го затвора месечниот патен налог со пополнување на податоци за часот на враќање, состојбата на километражата и бројот на изминати километри.

Корисникот и/или возачот на службеното возило го паркира возилото на паркинг простор или во гаражата на судот наменето за возилата на судот до крајот на работното време на судот или по завршување на службената потреба.

**Член 5**

Лицето задолжено за одржување на службените возила најдоцна 15 дена пред и 15 дена по изминување на периодот за носење на зимска опрема треба да организира промена на опремата на возилото од летен во зимски режим и обраттно.

**Член 6**

Лицето кое од Претседателот на судот е задолжено да се грижи за возниот парк на Основен суд Гевгелија е одговорно за:
-редовно полнење гориво од бензиска станица ( дизел, бензин);
- чување на фискални сметки/фактури за наплата на тековни трошоци;
- правилно пополнување на патните налози;
- водење на евиденција на поминати километри;
- водење евиденција на просечна потрошувачка на гориво;
- редовно перење на возилото;
- соодветно гаражирање и паркирање на возилото;
- сервис на возилото ( редовен и вонреден);
- поправка на дефекти и замена на резервни делови;
- промена на опремата на возилата од летен во зимски режим;
- технички преглед и регистрација на возилото;
- полиса за автоосигурување и
- организирање логистика, шлеп служба и помош на пат.

**Член 7**

Во вршењето на работните обврски, возачите, патниците и другите корисници на службените возила се должни:
-да го чуваат службеното возило со кое се превезуваат и да водат сметка за неговата техничка исправност и чистота ( надворешна и внатрешна)
- правилно да ракуваат со возилото и редовно да превземаат мерки за основно тековно одржување на истото согласно техничкото / фабричко упатство
- да се грижат за совесна, ефикасна и економична употреба на службеното возило, водејќи сметка за штедење на горивото
- да ги почитуваат општите и посебните сообраќајни правила и прописи за безбедност на сообраќајот на патиштата
- да не конзумира алкохол при службени патувања

**Член 8**

Овој Интерен акт влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истиот ќе се објави на видно место во просториите на Основен суд Гевгелија, и ќе биде објавена на веб страната на Основен суд Гевгелија.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова